Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 и член 42 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18) и член 31 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), а постапувајќи по Барањето за издавање на привремена лиценца за производство на електрична енергија, УП1 бр. 12-08/19 од 5 март 2019 година на Друштвото за производство, трговија и услуги ФЕЦ КОРУНОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 април 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ФЕЦ КОРУНОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СВ. ПЕТКА“.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е утврдена во Прилог 1, којшто е составен дел на оваа Одлука.

3. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија согласно член 44 од Законот за енергетика ќе донесе одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член ќе достави потребна документација со која овој енергетски објект ќе биде ставен во употреба.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, трговија и услуги ФЕЦ КОРУНОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со седиште на ул. Дарвинова бр.32, Битола, (во понатамошниот текст: Друштвото) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање УП1 бр. 12-08/19 од 5 март 2019 година за издавање на привремена лиценца за производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СВ. ПЕТКА“.

На Друштвото му е издадено Одобрение за градење на фотонапонската електроцентрала ФЕЦ “СВ. ПЕТКА“ на КП бр. 1852, КО Слепче, бр. УП1 11-69 од 4 февруари 2019 година од општина Демир Хисар.

Согласно член 49, став (1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), постапките кои се започнати пред влегувањето во сила на овој Правилник, Регулаторната комисија за енергетика ги завршува во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (“Службен весник на Република Македонија” бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16).

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека Барањето и доставената документација немаат формални недостатоци, и се во согласност со одредбите од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, кои предвидуваат издавање на лиценца на инвеститор кој не поседува документ за ставање во употреба на енергетскиот објект.

Согласно член 20, став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика донесе Заклучок УП1 бр.12-08/19 од 6 март 2019 година, со кој се задолжи Друштвото да ја продолжи постапката и да постапи согласно член 20, 21, 22 и 23 од Правилникот.

Друштвото постапувајќи по Заклучокот, изготви Известување за Барањето и по одобрувањето од Регулаторната комисија за енергетика го објави во два дневни весници. Во предвидениот рок од објавувањето на Известувањето не беа доставени мислења и предлози од заинтересираните физички и правни лица.

Регулаторната комисија за енергетика изготви Предлог – Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, која беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 4 април 2019 година. На подготвителната седница немаше забелешки по Предлог - Одлуката од страна на присутните.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 и член 42 од Законот за енергетика и член 31 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на ден 18 април 2019 година одржа седница на којашто донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СВ. ПЕТКА“ на Друштвото за производство, трговија и услуги ФЕЦ КОРУНОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**.**

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-08/19**
**18 април 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

**Прилог 1**

# ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
## ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. **Назив и седиштe на носителот на привремена лиценца**
   Друштво за производство, трговија и услуги ФЕЦ КОРУНОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со седиште на ул. Дарвинова бр.32, Битола

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ - 356.01.1/19

4. **Единствен матичен број:** 7204329

5. **Единствен даночен број:** 4002017550362

6. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши во фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СВ. ПЕТКА“, со технички карактеристики наведени во Прилог 2, којшто е составен дел на оваа привремена лиценца.

7. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СВ. ПЕТКА“ со локација на КП бр. 1852, КО Слепче, општина Демир Хисар.

8. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

9. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**Прилог 2**
**Податоци за фотонапонска електроцентрала**

1. Име на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ „СВ. ПЕТКА“;
2. Планирана моќност на фотонапонска електроцентрала: 49,8 kW;
3. Општи податоци:
   - година на почеток на градба: 2019 година,
   - година на завршеток на градба: 2019 година,
   - година на почеток на работа: 2019 година,
   - проценет животен век: 35 години.
4. Податоци за опрема:
   - тип, производител и номинални податоци на фотонапоски панели: CHN 72 P 300 W;
   - број на фотонапонски панели: 166;
   - номинални податоци на фотонапонски панел:
     - моќност: 300 W,
     - напон: 39,10 V,
     - струја: 9,96 A;
   - тип, производител и номинални податоци на инвертор: SMA 25000 TL;
   - број на инвертори: 2.
5. Годишно сончево зрачење на таа локација – 1720kWh/m2;
6. Очекувано производство на електрична енергија – 86 MWh.